# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
Бр 01-4470/5
13.11 2015 год
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Скопје, ноември 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14) и член 20 став (1) алинеја 7 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 98/08, 145/10, 104/13. 187/13, 43/14, 160/14, 97/15 и 148/15), директорот на Агенцијата за управување со одземен имот на ден 13.11. 2015 година донесе

# ПРАВИЛНИК
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот**

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-4470/2 од 07.10.2015 год

### Член 2

Во глава II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, членот 5 се менува и гласи:

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 75 работни места од кои 43 работни места на административни службеници и 32 работни места на помошно – технички лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата, од кои пополнети се 50 работни места. Работните места на административни службеници , распоредени се на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Административни службеници | | |
| Б02 | 3 | 0 |
| Б03 | 1 | 1 |
| Б04 | 8 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| В01 | 6 | 1 |
| В02 | 1 | 0 |
| В03 | 3 | 2 |
| В04 | 12 | 6 |
| Г01 | 6 | 5 |
| Г03 | 1 | 0 |
| Г04 | 2 | 2 |
| Вкупно | 43 | 19 |

**Член 3**

Во глава III. *РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА*, членот 10 се менува и гласи:

(1) Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 32 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата, а се распоредени на следниов начин:

| **Ниво** | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** |
|---|---|---|
| **Помошно технички лица** | | |
| А02 | 8 | 7 |
| А03 | 24 | 24 |
| Вкупно | 32 | 31 |

**Член 4**

**Во глава III.** ***РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА,*** **членот 11 се менува и гласи:**

Работните места од членот 10 на овој правилник од групата на помошно - технички лица се распоредени на следниот начин:

(Обезбедување на објекти и опрема):

- Ниво А2 - 8 Чувар
- Ниво А3 – 22 Чувар

(Превоз на лица и опрема):
- Ниво А3 – 1 Возач

(Други помошно – технички лица):

- Ниво А3 – 1 хигиеничар/ка

**Член 5**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, подглава IV.3. СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ / IV.3.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОДЗЕМЕН ИМОТ, во описот на работното место под ред.бр. 26 "Помлад соработник за спроведување на постапка за преземање на одземен имот " во делот број на извршители бројот „1" се менува со бројот „2".

**Член 6**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, подглава **IV.3.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ РАБОТИ**, работното место под ред.бр. 42 "Курир" се брише.

**Член 7**

Редниот број на работните места од ред.бр.1 до ред.бр. 47 се менува и гласат од ред.бр.1 до 46.

Редните броеви на работните места:
43. Раководител на одделение за управување со човечки ресурси
44. Советник за вработување и мобилност

45.Виш соработник за управување со човечки ресурси
46. Соработник за управување со човечки ресурси
47. Референт за персонална евиденција
се менуваат и гласат од ред.бр.42 до ред.бр.46

**Член 4**

Согласно извршените изменувања и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работни места како составен дел на правилникот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01 – 4470/5

од 13.11.2015година

Директор

Bashkim Ameti